ЕХО

ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ

*1 јануари 2015 – 31  декември 2015*

# СОДРЖИНА

Вовед и  историјат на организацијата............................................3 – 5

Спроведени активности ................................................................... 6 -10

Позначајни постигнувања ............................................................... 11-12

# ВОВЕД

**Мисија на ЕХО:**

Да се залага, помага и обезбедува услови за унапредување на социо-економскиот статус на граѓаните со посебен осврт на активното граѓанско учество во креирање на политиките и заштита на човековите права.

**Цели и задачи:**

1. Да ја развива, подобрува и поддржува комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија, особено меѓу граѓаните и властите на сите нивоа;
2. Да ја подобрува едукацијата на граѓаните во согласност со современите општествени потреби;
3.Да ги набљудува и анализира економските, социјалните, родовите, здравствените и општествено-политичките процеси во земјата и да предлага мерки и превзема конкретни активности за нивно унапредување;
4.Да се залага за активно граѓанско учество и да учествува во креирањето на политики и донесувањето на одлуки на локално и национално ниво;
5. Да ги поддржува и афирмира процесот на децентрализација и економскиот развој и просперитет на Република Македонија;
6. Да го поддржува и афирмира процесот за приближување на РМ кон Европската Унија;
7. Да спроведува активности во насока на транспарентност, одговорност и отчетност и да се залага за намалување на корупцијата и подобрување на доброто владеење;
8. Да се залага за здрава еколошка средина, промоција на рурален, еко и социјален туризам и да ги промовира културните вредности, обележја и специфики на Република Македонија;
9. Да превзема и врши надлежности делигирани од државните органи и органите на единиците на Локална самоуправа;
10. Да дава претходна правна помош во областите на своето делување;
11.Да се залага за родова еднаквост, да ја афирмира и унапредува улогата на жените во сите сфери на општественото живеење;
12. Да промовира и едуцира за здрави стилови на живот и спроведува активности во насока на нивно практикување;
13. Да остварува и други дејности во согласност со Законот, статутот и актите на здружението.

**Горенаведените цели, здружението ќе ги остварува на следниов начин:**

1. Организирање и реализирање на разни форми на комуникација меѓу сите општествените фактори;

2. Организирање и спроведување на истражувања, мониторинг и анализи;

3.Организирање и спроведување на обуки, работилници и други форми на едукација од различни области;
4. Организирање и спроведување на семинари, трибини, конференции и слични манифестации;
5. Работа со граѓани на непосреден начин;
6. Спроведување на активности за унапредување, јакнење и инфраструктурен развој на локалните заедници и ресурси во согласност со потребите и приоритетите на граѓаните;
7. Предлагање мерки до надлежните органи и институции за унапредување на политиките и практиките;
8. Изработување и доставување на разни информативни и едукативни материјали.

**Историјат**

ЕХО е невладина, непартиска организација во која граѓаните слободно се здружуваат.

Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели и активности.

Здружението ЕХО Едукативно - хуманитарна организација е основана на 7 април 2003 година по иницијатива на група граѓани со значително искуство на работа во граѓанскиот сектор и со огромен ентузијазам за внесување на иновативни идеи во работата на граѓанските асоцијации.Органите на управување и раководење на ЕХО вклучуваат:

- Собрание на здружението,
- Извршен одбор и
- Претседател на здружението.

Активностите на ЕХО пред сè се насочени кон јавните и државните институции и органи на централно и на локално ниво, бизнисмените и нивните асоцијации, кон невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво како крајни корисници на делувањето на организацијата.

ЕХО досега има спроведено над дваесет проекти, во рамките на кои има изработено и предложено неколку стотини конкретни предлози и препораки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно,

поотчетно и поодговорно работење на централната власт и на локалните власти и унапредување и прилагодување на локалните и национални политики.

ЕХО веќе тринаесет години континуирано работи на овозможување на бесплатна правна помош на жртвите на семејно насилство, што е една многу специфична целна група, чии права и интереси организацијата ги заштитува и унапредува преку функционирање на канцеларија за бесплатна правна помош и преку активно вклучување на организацијата во креирањето и унапредувањето на социјалната заштита и правната регулатива. Од 2013 година ЕХО е овластено здружение за давање бесплатна правна помош и е впишано во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош при Министерството за правда на Република Македонија.

Имајќи ја во предвид корелацијата помеѓу социјалниот и економскиот статус на граѓаните и нивното меѓусебно влијание, во последните години ЕХО го насочува своето делување и во обласа на економското јакнење, базично преку предлагање на соодветни интервенции во економските политики и разни видови на поддршка на малите и микро претпријатија со цел да се зголеми и унапреди нивната конкурентност во националната економија.

ЕХО обезбедува одржување на својата примарна мисија во смисла на ефикасно остварување на правата на граѓаните, еднаков третман за сите и се фокусира и продолжува со својата посветеност на вклучување во креирање на политиките кои се во интерес на нашите целни групи.

## СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕК НА 2015 г.

Во текот на 2015 година ЕХО работеше на спроведување на активности, пред сé, во рамките на следните проекти:

- Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки (2012-2015), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а се спроведува во партнерство со Центар за граѓански комуникации од Скопје и фондацијата „Фокус“ од Велес;

- „Мониторинг на јавните набавки“, финансиски поддржан од ФООМ и технички поддржан од Националниот демократски институт, а кој се спроведува во партнерство со Центар за граѓански комуникации;

- “Пристап до правда во Македонија“, финансиски поддржан од ЕУ и ФООМ;

- „Размена на најдобрите ЕУ практики за следење на антикоруптивни мерки на локално ниво (ЛОТОС)“

- “Коалиција за буџетски мониторинг“, финансиски поддржан од ЕУ како дел од програмата IPA CSF 2012-2013, кој се спроведува во партнерство со ЦЕА, Форум-ЦСИД и уште 10 граѓански организации;

- Економски дејности за самоодржливост на организацијата - Фитнес центар “ЕХО Боди арт“.

**Проект - Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки**

Цел на проектот: олеснување на влезот и учеството на микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки, што придонесува кон нивен поодржлив развој и подобро искористување на потенцијалите за создавање работни места, раст и иновации.

Во рамките на овој проект во 2015 година беа спроведени следните активности:

- Тековно работење на два регионални центри за поддршка на микро и мали претпријатија, во Штип за источниот регион и Струмица и во Велес за вардарскиот регион.
- Вклучени се во проектот над 300 микро и мали претпријатија
- На над 300 микропретпријатија од 35 општини од источниот, вардарскиот, југоисточниот и североисточниот регион им се дадени повеќе од 1 000 асистенции за учество во постапките за јавни набавки.
- Извршени подготовки за проширување на проектните активности во 4 нови региони: скопски, вардарски, југозападен и полошки плански регион;
- Спроведени се серија обуки за мали и микропретпријатија за нивно оспособување за учество на јавните набавки.
- Подготвен е Прирачник за фирми за учество на тендери
- Доставени се за користење до локалните институции препораки за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки кои претходно се заеднички дискутирани и прифатени за употреба.
- Повеќе од половината од договорните органи од 35 општини ги применуваат препораките и преземаат мерки за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки.
- Изработен е и дистрибуиран каталог со податоци за повеќе од 300 микропретпријатија вклучени во проектот.
- На специјалната интернет страница www.zanabavki.mk објавени се планираните годишни набавки групирани според дејности на локалните институции од 35 општини од од источниот, вардарскиот, југоисточниот и североисточниот регион, како и огласи за јавни набавки на истите институции.
- Организирана е годишна конференција за јавни набавки за повеќе од 100 претставници на микропретпријатија од цела Македонија.
- Разменети се искуства за мерките што се преземаат за поголемо учество на микропретпријатијата во јавните набавки со земји-членки од ЕУ и од соседството.

**Проект – Мониторинг на јавни набавки**

Цел на проектот: да се зголеми транспарентноста, отчетноста и одговорноста при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во рамките на овој проект во 2015 година беа спроведени активности за мониторирање на јавни набавки на локално ниво. За таа цел беа следени одбрани јавни набавки на Општина Штип и претставник на ЕХО присуствуваше на јавните отварања на пристигнатите понуди, за што беа сочинети соодветни извештаи за текот на јавните отврања на понудите и евентуалните забелешки за недоследности или неправилности.

**Проект - "Пристап до правда во Македонија"**

Цел на проектот: да се придонесе кон подобрувањето на системот на заштита на човековите права во земјата преку зацврстување и унапредување на системот на бесплатна правна помош и детектирање на неговите слабости. Во таа насока, проектот обезбедува подршка на невладините организации во обезбедувањето на претходна бесплатна правна помош и стручна и независна анализа на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош. Главни активности на проектот се: градење на капацитетите на невладините организации и обезбедување на бесплатна (претходна) правна помош; правна помош во случај на одбиени барања за бесплатна правна помош; мониторинг на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош; мониторинг на судски случаи во кои се ангажирани адвокати кои нудат бесплатна правна помош; развој на стратегија за застапување за подобрување на Законот за бесплатна правна помош и подигнување на јавната свест за бесплатната правна помош.

Во рамките на овој проект во 2015 година беа спроведени следните активности:

- Во канцеларијата за бесплатна правна помош на граѓаните од Штип и околните места им беше дадена бесплатна претходна правна помош во 119 предмети. Беа поднесени 5 барања за бесплатна правна помош, од кои за 4 беше одобрен бесплатно застапување од страна на адвокат, а едното беше повлечено од барателот. Беше одобрен и исплетен надомест на трошоци за 9 одобрени барања;
- Координаторот на ЕХО присуствуваше на 8 координативни средби со организациите од мрежата за бесплатна правна помош;
- Во поглед на стартешкото застапување преку следење на судски и управни постапки на територијата на која работи здружението, ЕХО овозможи

покренување на еден управен спор пред Управниот суд за барател на кој му беше одбиено барањето за бесплатна правна помош;

- Учество во следење на судски рочишта во 9 судски постапки во кои како странки се јавуваат граѓани на кои им е одобрено барањето за бесплатна правна помош, со изготвување на соодветни извештаи од следењето на рочиштата и анкетирање и интервјуирање на судиите, адвокатите и корисниците на бесплатна правна помош.
- Објавување на 3 соопштенија за јавноста;
- Учество на информативна средба со социјално-ранливи граѓани во ЈУМЦСР Шуто Оризари-Скопје;
- Учество на обука за градење на организациски капацитети за јавно правно описменување, заедно со членовите на мрежата овластени здруженија;
- Промоција на правото на бесплатна правна помош преку дистрибуција на флаери, постери, публикации и писмо со информации за проектот до државните органи, здруженијата и граѓаните, како и средби со истите и
- Учество во подготовка на содржини на порталот www.pristapdopravda.mk и веб страната и ФБ профилот на ЕХО .
- Учество во организација на Завршна конференција на проектот во Скопје и излагање на тема правни проблеми за кои граѓаните најчесто бараа бесплатна правна помош;
- Учество во подготовка на финален Извештај за примената на законот за бесплатна правна помош 2014/2015

**Проект „Размена на најдобрите ЕУ практики за следење на антикоруптивни мерки на локално ниво (ЛОТОС)“**

Во 2015 финишираа активностите на овој проект финансиран од ЕУ, а реализиран во партнерство со Центарот за истражување и креирање политики од Скопје и пет други организации од Македонија, како и невладината Гонг од Хрватска. Цел на проектот: промовирање на добри практики за следење и спречување на корупцијата, како и на практиките за добро владеење на локално ниво, со што ќе се овозможи одржлива средина за социјален, економски и еколошки развој. Зајакнувањето на капацитетите на граѓаните и граѓанскиот сектор за мониторинг на антикоруптивните практики на локално ниво е предвидено да биде еден од главните предуслови за постигнување на општата цел.

Во рамките на овој проект во 2015 година беа спроведени следните активности:

- Реализирана е ЛОТОС студијата (пилот-систематски преглед во областа на спроведување на јавните политики за антикорупција) во 43 општини, од кои ЕХО го реализираше истражувањето и студијата во 8 општини од источниот и југоисточниот регион и општина Свети Николе.
- Изготвени се извештаи за реализираното истражување во таргетираните општини и врз основа на истите изготвен е финалната Студија за локална,

отчетна, транспарентна и одговорна самоуправа – Лотос 2014

- Претседстелката на ЕХО која воедно е и дел од истражувачкиот тим учествуваше како панелистка на завршната Регионална Конференција на проектот.

**Проект “Коалиција за буџетски мониторинг“**

Проектот финансиски е поддржан од ЕУ како дел од програмата IPA CSF 2012-2013, а се спроведува во партнерство со ЦЕА, Форум-ЦСИД и уште 9 граѓански организации.

Цел на проектот е да се создаде мрежа на организации од граѓанскиот сектор кои ќе ги следат буџетските процеси во сите единици на локалната самоуправа (ЕЛС) во Македонија. Оваа коалиција на граѓански организации треба да биде воедно и моќен глас на граѓаните во барањето општините да бидат транспарентни и отчетни за сите приходи и расходи, како и отворен партнер за соработка со сите единици на локалната самоуправа во Македонија.

Во рамките на овој проект во 2015 година беа спроведени следните активности:

- Врз основа на постојан мониторинг на буџетските процеси и транспарентност во 10 општини од југоисточниот регион, до јули 2015, изготвени се девет месечни извештаи и три квартален извештај за мониторирање на буџетската транспарентност.
- Се одржа една јавна презентација на наодите од вториот квартал од мониторингот на буџетските процеси во општина Гевгелија.
- Објавена е Студија “Транспарентност на буџетскиот процес кај општините во Македонија“
- Одржана е конференција на тема “Транспарентност на буџетскиот процес на единиците на локална самоуправа – Мониторинг, перцепции, предизвици и научени лекции”.

**Економска дејност за самоодржливост - Фитнес центар “ЕХО боди арт“**

Цел на проектот: Промовирање и практикување на здрави стилови на живеење

Во рамките на оваа дејност во 2015 година беа спроведени следните активности:

- Континуирано функционирање на фитнес центар “ЕХО боди арт“;
- Спроведување на едукативни сесии за здрави начини на исхрана и практикување на физички активности.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА

- На повеќе од 300 микропретпријатија од 35 општини од источниот, југоисточниот, вардарскиот и североисточниот регион им се дадени повеќе од1000 асистенции за учество во постапките за јавни набавки;

- Повеќе од половината од договорните органи од 35 општини ги применуваат препораките и преземаат мерки за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки;

- Изработен е и дистрибуиран каталог со податоци за повеќе од 300 микропретпријатија вклучени во проектот;

- На специјалната интернет страница www.zanabavki.mk објавени се планираните годишни набавки групирани според дејности на локалните институции од 35 општини од од источниот, вардарскиот, југоисточниот и североисточниот регион, како и огласи за јавни набавки на истите институции;

- Организирана е годишна конференција за јавни набавки за повеќе од 100 претставници на микропретпријатија од источниот и вардарскиот регион;

- Разменети се искуства за мерките што се преземаат за поголемо учество на микропретпријатијата во јавните набавки со земји-членки од ЕУ и од соседството;

- Преку канцеларија за бесплатна правна помош дадена е бесплатна правна помош во 119 предмети во кои граѓани побарале помош. Преку ЕХО беа поднесени 5 барања за бесплатна правна помош, од кои одобрени беа 4. За еден барател чие барање беше одбиено, беше поднесена тужба за покренување на управен спор пред Управниот суд;

- Мониторирани се судски рочишта во 9 предмети за кои беше одобрено бесплатно застапување од адвокат;

- Организирана е Завршна конференција за проектот Пристап до правда во Македонија и изготвен и дистрибуиран е Извештај за примената на законот за бесплатна правна помош 2014/2015.

- Здружението ЕХО и понатаму е здружение овластено за бесплатна претходна правна помош и впишано во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош;

- Објавена е Студија “Транспарентност на буџетскиот процес кај општините во Македонија“

- Одржана е конференција на тема “Транспарентност на буџетскиот процес на единиците на локална самоуправа – Мониторинг, перцепции, предизвици и научени лекции”.

- Изготвени се девет месечни извештаи и три квартален извештај за мониторирање на буџетската транспарентност;

- Одржана е јавна презентација на наодите од вториот квартал од мониторингот на буџетските процеси во општина Гевгелија.

- Објавена е Студија за локална, отчетна, транспарентна и одговорна самоуправа – Лотос 2014

- Одржана е завршна Регионална конференција за ЛОТОС проектот.